**До**

**деканот на Економски факултет при УГД - Штип**
**и Наставно-научниот совет на**
**Економски факултет при УГД - Штип**

**П Р И Г О В О Р**

**КОН РЕФЕРАТОТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УГД - ШТИП**, објавен во Универзитетски билтен број 128 од јули 2014 година

Во Рефератот за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област ***финансии*** на Економски факултет при УГД - Штип, објавен во Универзитетски билтен број 128 од јули 2014 година, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Благоја Наневски, проф. д-р Томе Неновски и проф. д-р Ристо Фотов предлагаат Наставно-научниот совет на Економски факултет при УГД - Штип да го избере доцент д-р Крсте Шајноски во звањето вонреден професор за наставно-научната област *финансии*.

Согласно со член 125 од Законот за високото образование за избор во вонреден професор кандидатот, покрај останатите услови, треба да ги исполнува и следните услови:

- да има објавено најмалку пет труда од наставно-научната област во меѓународни списанија или меѓународни публикации во последните пет години или три труда во интернационални списанија со импакт фактор во последните пет години;
- да е учесник во научноистражувачки проект во изборниот период.

Овие критериуми се неопходни за даден кандидат да се избере во звање вонреден професор.

Во продолжение следат забелешки за кои ја повикуваме Рецензентската комисија да се произнесе, наведени според редоследот на евалуираните активности на кандидатот во Рефератот.

- **Анализа на објавените и вреднувани трудови на доц. д-р Крсте Шајноски, од аспект на нивниот меѓународен карактер (припадност во меѓународно научно списание или меѓународна научна публикација).**

Тргнувајќи од наведените публикувани научни трудови во изминатиот период (од 2009 до 2014 година) од страна на доц. д-р Крсте Шајноски, во Универзитетски билтен број 128 од јули 2014 година, си поставивме задача да провериме кои од овие трудови го задоволуваат критериумот - да добијат третман на трудови објавени во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации. За да се направи ваквата споредба или анализа го наведуваме објаснувањето што го дава Законот за високо образование по однос на тоа што се смета за меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

Имено, во наведениот Закон стои дека:

**Меѓународно научно списание**, во смисла на овој Закон, е списание кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат најмалку пет земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува 40% од вкупниот број на членови, кое се издава најмалку пет години непрекинато и има најмалку десет изданија во последните пет години.

**Меѓународни научни публикации**, во смисла на овој Закон, се книга рецензирана и објавена во странство, зборник на научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот комитет се од најмалку четири земји, како и научни трудови објавени во меѓународни годишници и гласници каде што членовите на програмскиот комитет се од најмалку четири земји.

Согласно со Рефератот на кандидатот д-р Крсте Шајноски, објавен во Универзитетски билтен бр.128 од јули 2014 год., трудовите се претставени во три категории:

**I.** Трудови во меѓународни научни списанија
**II.** Меѓународни публикации
**III.** Меѓународни конференции

1. За првата категорија на трудови: I - Трудови во меѓународни научни списанија го констатиравме следното:

**ТРУДОВИТЕ НА КАНДИДАТОТ ЕВАЛУИРАНИ НА СТР.БР. 38, 39, 40 И 41 ОД РЕФЕРАТОТ (6 труда, со број 3, 4, 5, 6, 7 и 8) НЕ МОЖАТ ДА СЕ КЛАСИФИЦИРААТ КАКО ТРУДОВИ ОБЈАВЕНИ ВО МЕЃУНАРОДНИ СПИСАНИЈА** (за да едно списание биде класифицирано како „меѓународно", истото треба да излегува во континуитет пет години, да има уредувачки одбор каде 40% од уредниците се од пет различни земји и да има две изданија годишно).

Во текот на анализата констатиравме дека првите пет труда на кандидатот (во табелата под реден број 3-8) класифицирани во групата – Трудови во меѓународни научни списанија се објавени во списанието „Списание за одржлив развој" - ***Journal of Sustainable Development,*** **ISSN 1857-8519,** во издание на Факултетот за бизнис економија во Скопје. Под реден број 3318 од EBSCO базата на податоци, списанието почнало да се регистрира од 6.1.2013 година, што значи дека списанието не го исполнува основниот услов да опстојува минимално пет години и да има најмалку десет изданија.

Линк:

http://www.fbe.edu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=130&Itemid=171&lang=mk

Што се однесува до шестиот труд од групата Трудови во меѓународни научни списанија (евалуиран на стр.41 од рефератот), истиот е објавен во списанието Balkan Social Science Review, со ISSN 1857- 8772, чие прво издание од страна на Правниот факултет при УГД датира од 2013 година, што значи дека истото нема карактер на меѓународно списание.

Линк: http://js.ugd.edu.mk/index.php/BSSR

Со ова сакаме да истакнеме дека Рецензентската комисија направила голем превид, со тоа што сите шест наведени труда ги евалуирала како трудови издадени во меѓународни научни списанија.

2. Со анализа на втората и третата категорија на трудови – Меѓународни публикации и Меѓународни конференции, кои трудови Рецензентската комисија во табелата ги вреднувала како трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир во странство (број на трудови од 9 до 27) се констатира следното:

Од овие 18 труда само шест труда имаат карактер на трудови издадени во меѓународни публикации согласно со Законот за високо образование, бидејќи кај нив програмските одбори имаат претставници од најмалку 4 земји (се работи за трудовите кои Рецензентската комисија ги има вреднувано под редните броеви: 9, 10, 12, 13, 14 и 17). Сите останати 12 труда не го исполнуваат бараниот критериум – немаат програмски одбори со претставници од најмалку четири земји, значи и овде Рецензентската комисија направила превид, со тоа што ги евалуирала како меѓународни.

Како доказ на ова, во прилог на овој Приговор доставуваме табела со преглед на трудовите на кандидатот, од кој може да се изврши увид во програмските одбори на сите меѓународни конференции, во чии зборници се објавени трудовите на кандидатот Крсте Шајноски.

3. Според член 125 од Законот за високо образование за избор во вонреден професор кандидатот, покрај останатите услови, треба да го исполнува и следниот услов:

Кандидатот за вонреден професор треба да има објавено три научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години. **Овој критериум кандидатот не го исполнува, односно нема таков труд објавен во научно списание со импакт фактор во последните пет години.**

– **ТРУД КОЈ НЕ ТРЕБА ДА СЕ ВРЕДНУВА ОД ПРИЧИНИ ШТО ИСТИОТ Е ЕДНАШ ВРЕДНУВАН ПРИ ПРИЕМОТ ЗА ДОЦЕНТ ВО 2009 ГОДИНА:**

Во делот од Реферетот за кандидатот д-р Крсте Шајноски, издаден во Универзитетски билтен број 128 од јули 2014 година, на стр. 37, трудот под наслов „Берзански бум во 2005" е влезен во изборот на Крсте Шајноски за доцент (Универзитетски билтен бр.25 од 2009).

– **Анализа на стручно-апликативната и организациско-развојна дејност на доц.д-р Крсте Шајноски (како еден од клучните критериуми за избор во звање вонреден професор-учество во научноистражувачки проекти)**

Во Реферотот, Рецензентската комисија наведува дека кандидатот доц. д-рКрсте Шајноски, во делот на неговата **стручно-апликативна и организациско-развојна дејност,** има учествувано во реализација на три меѓународни истражувачки проекти:

1. Мерење на економскиот придонес на аудиовизуелните индустрии во Македонија (Measuring the economic contribution of the audiovisual industry), под број 03/102, 2013 година, **со датум на издавање на потврдата од страна на Високата школа за новинарство и односи со јавноста од 3.2.2014 година**, не треба да се земе предвид, меѓу другото, поради тоа што потврдата е со датум по конкурсот (2.2.2014 г.).
2. Во проектот No. 2011/277-811 со наслов "Restore our past to build our future", кандидатот е ангажиран како економски евалуатор;
3. Проект за развој на курикулум за студии од втор циклус во соработка со истакнати професионалци од Данската школа за новинарство и медиуми, Универзитетот Виндесхејм во Холандија, како и Универзитетот Кардиф во Велика Британија, под број 03/345 од 2011 год., **со датум на издавање на потврдата од страна на Високата школа за новинарство и односи со јавноста од 3.2.2014 година,** не треба да се земе предвид, меѓу другото, поради тоа што потврдата е со датум по конкурсот (2.2.2014).

Во однос на прашањето дали се работи за **научноистражувачки проекти**, ги наведуваме членовите од Законот за научноистражувачка дејност, во кои се дефинирани научноистражувачките активности и нивните носители (член 5 – Јавен интерес, член 15 - Субјекти за вршење на научноистражувачка дејност и член 15 - Самостоен истражувач).

Она што посебно сакаме да го потенцираме се и областите на кои се однесуваат наведените проекти:

- Првиот проект – Мерење на економскиот придонес на аудиовизуелните индустрии во Македонија е предложен и реализиран од страна на **Високата школа за новинарство и односи со јавноста**, со поддршка на Меѓународниот фонд за културна разноликост на УНЕСКО, во кој главната цел е – редефинирање на поимот култура во новото дигитално опкружување.

Линк:http://unescochair-vs.edu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=120&Itemid=36&lang=mk

- Вториот проект - "Restore our past to build our future" е проект во кој како локален партнер се јавува **Националниот конзерваторски центар на Република Македонија**, при што основната цел на проектот е – спроведување на пилот активности во врска со интеркултурни реставрации на цркви и џамии оштетени во вооружениот конфликт на РМ.

Линк: https://sites.google.com/site/wbculturalheritage131266/277811-restore-our-past-to-build-the-future-1

Согласно со наведените податоци (а имајќи предвид дека учеството во научноистражувачки проекти претставува еден од основните критериуми наведени во Законот за високо образование и Правилникот на УГД, од кои зависи изборот во звања, и преку кој всушност се гледа професионалниот развој на научниот работник), се поставува прашањето: Каков е придонесот на кандидатот Крсте Шајноски, преку наведените проекти, во остварување на значајни научни достигнувања и примена на научноистражувачките резултати од неговите истражувања во практиката – ОБЛАСТА НА НАУКАТА ВО КОЈА СЕ ИЗБИРА.

Како дополнување, наведените проекти и нивните резултати од кои може да се види научноистражувачката дејност на кандидатот во неговата област не се внесени во е-репозиториум на УГД, за што подетално објаснување следи во текстот подолу.

**АНАЛИЗА НА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАУЧНИ И НАСТАВНИ ЗВАЊА НА УГД - ШТИП**

Согласно со Огласот за вработување на УГД - Штип, распишан на 1 и 2.2.2014 г., се бара почитување на критериумите од Правилникот на УГД, имено:

Кандидатите за избор во наставно-научни и насловни звања на факултетите треба да ги исполнуваат општите услови пропишани со Законот за работни односи, условите наведени во член 124, 125 односно член 142 за избор во насловно звање и член 127 за избор во наставно-уметничките области од Законот за високо образование и **Правилникот за критериумите и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.**

И во Законот за високо образование, во последниот став од член 132, стои: „Постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања поблиску се уредува со правилник на факултетот и високата стручна школа согласно со правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања, усвоен од Универзитетот".

Анализирајќи го Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на УГД - Штип, чија последна Одлука за негово усвојување и дополнување е објавена во Универзитетски гласник бр.31 од мај 2014 година и исполнувањето на неговите критериуми од страна на доц.д-р Крсте Шајноски, го констатиравме следното:

1. Некомплетно исполнување на барањето од **член 42** од **Правилникот за крите/риумите и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип**, кое вели:

„Активностите кои се бодираат при изборот во наставно-научни, наставни и соработнички звања, а кои се однесуваат на научноистражувачката дејност и стручно-уметничките активности (НИСУ) **ќе бидат валидни само доколку презентираните податоци ги има во е-репозиториумот** (UGD academic repository), објавени на веб-страницата на Универзитетот. Условот од став 3 на овој член нема да се применува при изборот во наставно-научни, наставни и соработнички звања за лица кои првпат засноваат работен однос на Универзитетот или првпат се бираат во насловно звање".

1. Кај доц. д-р Крсте Шајноски во табелата за вреднување на активностите, во делот на стручно-апликативна дејност, кај точката **Учесник во научен проект стојат три проекти**, кои и покрај тоа што не ги исполнуваат критериумите за научноистражувачки и кои не се од неговата научна област финансии, **не се внесени во е-репозиториумот на УГД**, што е еден од условите да бидат валидни за изборот (согласно со горецитираниот извадок од член 42). Значи, кандидатот Крсте Шајноски нема ***учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати.***

2. Неисполнување на критериумите за избор во наставно-научни звања од Правилникот на УГД, во делот на елементи кои се земаат предвид при изборот:

Во бројните аргументи кои сакаме овде да ги потенцираме по однос на рефератот на Рецензентската комисија, објавен во Универзитетски билтен број 128 од јули 2014 година, е и следното:

Во одредбите од Правилникот за критериуми и постапката за избор во наставно-научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, бр.31/ 2014,во член 11 (кој се однесува за **критериуми за избор во наставно-научни звања**) се наведуваат елементи кои можат да се земат предвид при избор на лице во звање вонреден професор, ОБ.06.38, каде што покрај елементите утврдени во Законот и врз база на кои се утврдува вкупната оценка во рефератот на Рецензентската комисија се ема и следното:

**најмалку една рецензирана скрипта во електронска верзија по предметот за кој се избира од соодветната научна област, објавена во е-библиотека и практикум со вежби од истиот предмет.**

По однос на обврската, која произлегува од Правилникот за избор на наставници на Универзитет „Гоце Делчев“, а која е во врска со најмалку една рецензирана скрипта во електронска верзија по предметот за кој се избира од соодветната научна област објавена во е-библиотека и практикум со вежби од истиот предмет, доц.д-р Крсте Шајноски **нема рецензирана скрипта во електронска верзија по предметот за кој се избира (финансии), објавена во е-библиотека, и нема практикум со вежби од истиот предмет.**

**РЕЗИМЕ НА ПРИГОВОРОТ**

Врз основа на горните образложенија, ги резимираме констатираните, од наша страна, недостатоци и грешки во процесот на евалуација на сите активности на доц. д-р Крсте Шајноски, во Рефератот објавен во Универзитетски билтен бр.128, од 22.7.2014 г., и ја повикуваме Рецензентската комисија за нивно ревидирање:

1. Кандидатот доц. д-р Крсте Шајноски **не поседува ниту еден меѓународен научен труд објавен во меѓународно научно списание** (согласно со дефиницијата за меѓународно научно списание, од член 96 од Законот за високо образование).
2. Кандидатот доц. д-р Крсте Шајноски, согласно со член 125 од Законот за високо образование, кој бара за вонреден професор да има објавено три научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години, потенцираме дека **овој критериум кандидатот не го исполнува, односно нема таков труд објавен во научно списание со импакт фактор во последните пет години.**
3. Кандидатот не исполнува еден од основните критериуми за избор во звањ вонреден професор од Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, бр.31/ 2014, член 11, а кој се однесува на **учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати, во областа за која се бира.**
4. Кандидатот не го исполнува во целина условот од член 42 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни и научни звања на УГД, а се однесува на **задолжително внесување на сите научноистражувачки и останати активности на електронскиот е-репозиториум на УГД**, заради нивна валидност во евалуацијата.
5. **Кандидатот не поседува рецензирана електронска скрипта од предметот во кој се бира,** објавена на е-библиотека на УГД, како и практикум со вежби од истиот предмет (согласно со Правилникот за критериумите за избор во звања на УГД).

Согласно на податоците наведени во Рефератот во Универзитетски билтен број 128 на УГД - Штип, ***доцент Крсте Шајноски не исполнува најмалку два од основните предуслови да биде унапреден во звање вонреден професор***, согласно на критериумите и на УГД и според одредбите од ЗВО и согласно со забелешките изнесени во овој Приговор.

Според одредбите од Законот за високо образование на Република Македонија, овој Приговор треба да биде објавен во наредниот Универзитетски билтен на УГД и истиот треба да биде доставен до соодветната Рецензентска комисија. Притоа е потребно да се коригираат и поените во табелата од рефератот, како и Заклучокот на Рецензентската комисија, каде што ќе биде изменет крајниот заклучок, бидејќи доцент Крсте Шајноски не ги исполнува условите предвидени со Законот за високо образование на РМ (член 125) да биде избрана во звањето вонреден професор.

**Земајќи ги предвид сите напред наведени констатации и забелешки, му предочуваме на ННС на Економскиот факултет при УГД - Штип дека е обврзан за заштита на законитоста при одлучување за избор на доц. д-р Крсте Шајноски во вонреден професор.**

Штип, 30.7.2014 година

**Група професори на Економски факултет - Штип**

**До**

**Наставно-научниот совет**
**на Економски факултет**

**Предмет:** Прифаќање на Приговорот од група професори на Економски факултет - Штип

Како член на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања од наставно-научната област финансии, го разгледав пристигнатиот приговор од група професори на Економскиот факултет, во кој се наведени пропусти и недоследности во објавениот реферат во Универзитетски билтен 128 од 22.7.2014 година. Разгледувајќи го и проучувајќи го повторно и подетално рефератот и опусот на доц. д-р Крсте Шајноски, утврдив дека наведените пропусти и недоследности цитирани во приговорот се присутни во рефератот и од тие причини **го прифаќам и се согласувам со наодите од приговорот по однос на објавениот реферат**. Со тоа го повлекувам мојот предлог и потпис од рефератот за избор на доц. д-р Крсте Шајноски во вонреден професор.

Имајќи предвид дека се констатирани и потврдени пропусти и недоследности во несоодветно евалуирање на презентираните трудови што во продолжение ги набројувам:

1. Кандидатот доц. д-р Крсте Шајноски **не поседува ниту еден меѓународен научен труд објавен во меѓународно научно списание** (согласно со дефиницијата за меѓународно научно списание, од член 96 од Законот за високо образование).
2. Кандидатот доц. д-р Крсте Шајноски, согласно со член 125 од Законот за високо образование, кој бара за вонреден професор да има објавено три научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години, потенцираме дека **овој критериум кандидатот не го исполнува односно нема таков труд објавен во научно списание со импакт фактор во последните пет години.**
3. Кандидатот не исполнува еден од основните критериуми за избор во звање-вонреден професор, од Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни и наставни звања на УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП, бр.31/ 2014**,** член 11, а кој се однесува на **учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати, во областа за која се бира.**
4. Кандидатот не го исполнува во целина условот од член 42 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни и научни звања на УГД, а кој се однесува на **задолжително внесување на сите научноистражувачки и останати активности на електронскиот е-репозиториум на УГД**, заради нивна валидност во евалуацијата.
5. **Кандидатот не поседува рецензирана електронска скрипта од предметот во кој** се бира објавена на е-библиотека на УГД, како и практикум со вежби од истиот предмет (согласно со Правилникот за критериумите за избор во звања на УГД), сметам согласно со податоците наведени во Рефератот од Универзитетскиот билтен број 128 на УГД - Штип, ***доцент Крсте Шајноски не исполнува најмалку три од основните предуслови да биде унапреден во звање вонреден професор***, во согласност со критериумите од Законот за високо образование член 125 и критериумите од Правилникот за критериумите и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Универзитетски гласник бр.31 од мај 2014 година).

Имајќи го предвид фактот дека **рецензентската комисија, има голема одговорност за создавање основа за донесување на незаконска одлука од страна на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет, користејќи невистинити или непроверени податоци во предложениот реферат, сметам дека не треба да учествувам во донесување на незаконска одлука и уште повеќе што сум обврзан за заштита на законитоста при одлучување за избор на доц. д-р Крсте Шајноски во вонреден професор.**

Штип, 9.8.2014 година

Проф. д-р Ристо Фотов, с.р.

До

- Економски факултет
при Универзитет "Гоце Делчев" – Штип
Кеј генерал Михајло Апостолски - Штип

- Ко: Ректор на Универзитет „Гоце Делчев" Штип
Кеј Димитар Влахов - Штип

Почитувани,

Врз основа на предлог на деканот на Економски факултет при Универзитет "Гоце Делчев" во Штип (УГД) и со Одлука на Наставно-научниот совет (ННС) на Економски факултет при УГД, бевме избрани за претседател, односно член на Рецензентска комисија за избор во звање на д-р Крсте Шајноски. Со таа одлука за член на рецензентската комисија беше избран и деканот на Економски факултет при УГД д-р Ристо Фотов.

Согласно член 40 од Правилникот за критериумите за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на УГД, во оставениот рок од 3 месеци од денот на нејзиното формирање, врз основа на доставената документација рецензентската комисија писмено изработи и до ННС на Економски факултет при УГД достави реферат со предлог за избор на д-р Крсте Шајноски во звање вонреден професор.

Врз основа на претходно позитивно мислење дека постапката за избор била започната и водена согласно Законот за високото образование (ЗВО) и спомнатиот Правилник на УГД, дадено од телото од член 42 од тој Правилник (чии членови се проректорот за настава, проректорот за наука, генералниот секретар на УГД, деканот на единицата - во случајот деканот на Економски факултет и секретарот на единицата – во случајот секретарот на Економски факултет), рефератот беше објавен во Универзитетскиот билтен на УГД. Во оставениот рок од 15 дена од денот на објавување на рефератот во Универзитетскиот билтен, **никој** од заинтересираните лица согласно член 46 од Правилникот не поднел приговор на објавениот реферат. Со тоа **заврши задачата** која ја имаше рецензентската комисија, без оглед на натамошното (не)прифаќање на нејзиниот реферат од страна на ННС на Економски факултет при УГД.

Според наши сознанија, во своето решение Државниот просветен инспекторат (ДПИ) го задолжил Економски факултет при УГД во постапката за избор да ги земе предвид и резултатите од самоевалуацијата извршена во рамки на УГД и резултатите од студентската евалуација, кои се позитивни и во корист на кандидатот Крсте Шајноски.

Во таква ситуација, нема никаква валидност повторното објавување на рецензијата во Универзитетскиот билтен на УГД, затоа што во ниту еден пропис не е предвидено објавувањето на рецензии за избор во звање да се врши **двапати** во текот на истата постапка.

Во очекување дека ќе ги имате предвид нашите укажувања во овој допис, а со желби и во интерес на надминување на непријатните состојби на Економски факултет при УГД – Штип, ве поздравуваме.

Скопје, 12.08.2014 година

/Ред. проф. д-р Благоја Наневски/

/Ред. проф. д-р Томе Неновски/